РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKES SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 03-797/27
29.10 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на член 77-е од Законот за култура (Сл. весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/7, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 16 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр. 02-771/3 од 19.08.2024 година, член 12 став 2 алинеа 17 и 19 од Статутот на Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр. 01-943/1 од 04.11.2020 година и Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 01/2024 бр. 03-797/26 од 29.10.2024 година, директорот на Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје, донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по Јавен оглас број 01/2024

По Јавен оглас број 01/2024 објавен од страна на Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител на работно место со назив на работно место кустос за интердисциплинарни истражувања, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002, се избира кандидатката Магдалена Манаскова.

Изборот на кандидатката е извршен врз основа на Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 01/2024 бр. 03-797/26 од 29.10.2024 година.

Избраната кандидатка ќе заснова работен однос на неопределено време на работно место кустос за интердисциплинарни истражувања, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 во Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје со склучување Договор за вработување, кој ќе се склучи по конечноста на оваа одлука.

За извршениот избор ќе биде известена избраната кандидатка.

Одлуката за избор на кандидат по Јавен оглас број 01/2024 ќе биде објавена на веб-страната на Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје на ден 12.09.2024 година објави Јавен оглас бр. 01/2024 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител и тоа: работно место со назив на работно место кустос за интердисциплинарни истражувања, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002. Рокот за доставување на пријавите за вработување со потребните документи изнесуваше 15 (петнаесет) дена сметано од денот на неговото објавување во

дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Лајм“ и на web страната на установата www.amm.org.mk.

Врз основа на Номинација на членови на Комисија за постапка за вработување од Министерство за култура и туризам бр. 03-8276/2 од 26.09.2024 година, директорот на установата со Решение бр. 03-797/10 од 26.09.2024 година формираше Комисија за постапка за вработување.

На ден 27.09.2024 година на web страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија објавено е Решение У.бр. 90/2024 на Уставен суд на Република Северна Македонија од 18.09.2024 година. Согласно точка 3 од цитираното Решение „СЕ ЗАПИРА извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на актите, одредбите и деловите од одредбите на актите означени во точка 1 од ова решение“, врз основа на што постапката за вработување беше запрена со Одлука бр. 03-797/12 од 30.09.2024 година.

На ден 14.10.2024 година во „Службен весник на РСМ“ бр. 210 беше објавена Одлука У.бр. 90/2024 на Уставен суд на Република Северна Македонија од 9 октомври 2024 година. Согласно точка 2 од цитираната Одлука „СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на деловите од законските одредби, актот и деловите од одредбите од актите означени во точката 1 од оваа одлука“, врз основа на што постапката за вработување беше продолжена со Одлука бр. 03-797/14 од 17.10.2024 година.

На ден 21.10.2024 година Комисијата за постапка за вработување изврши административна селекција на пријавените кандидати и до директорот на установата достави Записник бр. 03-797/16 од 21.10.2024 година, при што е констатирано дека на јавниот оглас број 01/2024 е пријавена 1 (една) уредна кандидатка.

На ден 29.10.2024 година Комисијата за постапка за вработување ја спроведе втората фаза од постапката за вработување - изврши проверка на веродостојноста на доказите и спроведе интервју и до директорот на установата достави Записник бр. 03-797/25 од 29.10.2024 година.

На ден 29.10.2024 година Комисијата за постапка за вработување до директорот на установата достави Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 01/2024 бр. 03-797/26 од 29.10.2024 година во кој на директорот му предложи да биде избрана кандидатката Магдалена Манаскова.

Врз основа сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно дејствие**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје во рок од 8 (осум) дена од приемот на оваа одлука.

Да се достави до:
- Архива
- Именуваната

Директор
д-р Славица Бабамова

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија
Institucioni Nacional-Muzeu Arkeologjik i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup